# НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

European Policy Institute. Skopje

NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE

## Национална дебата - промовирање на успешна демократска транзиција во Северна Македонија

### Што е дебатна анкета?

Дебатната анкета е уникатна форма на политички консултации која ги комбинира техниките на испитување на јавното мислење и јавната расправа. Таа цели да претстави како би изгледало јавното мислење на одредена тема, доколку граѓаните би имале можност повеќе да се запознаат со темата. Дебатната анкета ги прикажува преференците и мислењата на граѓаните и пред и по детално запознавање со темата.

### Примерок на испитаници

| |
|---|
| Основна анкета<br>Пред одржување на дебатниот настан, беше спроведена основна анкета на 1200 испитаници од целата држава во периодот од 15 до 31 мај 2019 година. Етничката припадност на испитаниците: 64% Македонци, 25% Албанци. |
| По дебатен настан<br>По завршувањето на дводневниот дебатен настан, кој се одржа на 22 и 23 Јуни 2019 година, 130 испитаници повторно го пополнуваа прашалникот, откако два дена се информираа и дискутираа на темите со релевантни чинители од македонското општество. Етничката припадност на испитаниците кои учествуваа на настанот: 68% Македонци, 23% Албанци. |

### Дебатен настан

Дводневниот настан се одржа во Хотел Континенал во Скопје на 22 и 23 јуни 2019 година. 130 испитаници поделени во 11 групи меѓусебно се информираа и подучуваа за демократскиот развој на земјата, фокусирајќи се на демократските институции и еднаквост за сите. Потоа, секоја од групите поставуваа прашања на панел од експерти и политичари од целиот спектар, со цел да изградат информирани и непристрасни ставови.  Дискусиите од двата дена беа телеивизиски покриени од Сител ТВ и ТВ 21

# НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

European Policy Institute. Skopje

NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE

## Резултати

Во продолжение се резултатите од **промената на ставовите на граѓаните** околу членството на Македонија во ЕУ, по одржувањето на дебатниот настан.

1. Перцепциите за ЕУ и потребата за демократизација

| Question | Before | After | Comment |
|---|---|---|---|
| Колку од барањата во областа на демократијата потребни за пристапување во ЕУ исполнила Северна Македонија од 1991 година наваму, на скала од 0 до 10? | **6.03** беше просечната оценка пред дебатата | **5.44** беше просечната оценка по дебатата | Перцепцијата за исполнетост на демократските услови за пристапување во ЕУ се намали по дебатата, што значи дека учесниците сметаат дека Северна Македонија не ги исполнила барањата во областа на демократијата. |
| Колку итни се потребите на земјата за демократизација? | **8.21** беше просечната оценка за итност за демократизација пред дебатата | **8.19** беше просечната оценка за итност за демократизација по дебатата | Перцепцијата за демократизација останува иста пред и по дебатата и потребата за итност во демократизацијата преовладува помеѓу учесниците. |

# НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

2. Какво е вашето мислење за тоа колку се важни или неважни целите во следниве области на политиката во Северна Македонија, на скала од 0 до 10?




ⓘ Учесниците и по дебатата за важни ги сметаат скоро сите области на политиката во земјата.




ⓘ *Не е забележлива промена на учесниците во дебата пред и по дискусиите. Тие продолжуваат да ги сметаат за важни речиси сите тестирани политички цели. Единствената статистички важна промена што се забележува дека учесниците по дебатата за помалку важно го сметаат позиционирањето на маргинализираните групи.*

3. Реформи во судството: Колку се потребни или непотребни следниве реформски приоритети, на скала од 0 до 10?




*🛈 Во врска со реформите во судскиот систем во земјата, мислењето на учесниците не се промени пред и по дебатата на речиси сите тестирани аспекти. Како пред, така и по дебатата постои високо ниво на претпичитање за реформи во судскиот систем.*
*Единствената статистички значајна промена што се забележа е тоа дека учесниците по дебатата сметаат дека е помалку важно да се обезбеди независноста на Јавното обвинителство (ЈО) преку интегрирање на СЈО во нормативната и институционална рамка за ЈО.*

# НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

4. Надзорна улога на Собранието: што мислите за следниве предлози во однос на надзорната улога на Собранието?




*ⓘ Дебатата немаше ефект врз мислењето на учесниците за нивните преференции за надзорната улога на Собранието.*

*Високото ниво за потреби за реформи во надзорната улога на Собранието на сите тестирани аспекти остана пред и по дебатата.*

# НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

European Policy Institute. Skopje
NATIONAL DEMOCRATIC DEBATE

5. Што мислите за следниве предлози во однос на социјалните разлики и јазичните права?




🛈 *Пожелноста на предлозите за социјалните разлики и јазични права остана иста пред и по дебатата.*

6. Запознаеност: ЕУ пропишува минимални стандарди за заштита од дискриминација. Што од долунаведеното би било незаконско според минималните стандарди на ЕУ?




*ⓘ Најзначајниот дел од дебатата беше нивото на знаење со кое што се здобија учесниците. Дебатата значително го зголеми бројот на учесници кои веруваат дека одбивањето да се даде здравствена услуга врз основа на сексуалната ориентација на лицето (16%), одбивањето на давање на услуги поради етничка припадност (6%) и одбивање на вработување поради атничка припадност (7%), би било нелегално според минималните стандарди на ЕУ.*